# ИЗРАЕЛ И ЈОРДАН - Велигден

## 22.03.2018 – 28.03.2018

## 7 дена / 5 ноќевања / 5 појадоци / 5 вечери

**1 ден / 22.03.2018 Скопје – Истанбул**

Состанок на групата на аеродромот "Александар Велики" во Скопје во 18:30 часот. Полетување од Скопје за Истанбул во 20:45 часот. Слетување на аеродромот во Истанбул во 00:20 часот локално време.

**2 ден / 23.03.2018 Истанбул – Тел Авив – Назарет – Граничен премин Шеик Хусеин – Јордан**

Полетување од Истанбул за Тел Авив во 01:45 часот. Пристигнување на аердромот "Бен Гурион" во Тел Авив рано наутро во 03:50 часот, локално време. Пречек на аеродром од страна на нашиот претставник и трансфер во хотел. Возење со автобус до **Назарет** – местото каде што Исус го поминал своето детство, посета на куќата на Јосиф, посета и разгледување на Црквата на Благовештението (Church of the Annunciation). Продолжување на патувањето кон **Капернаум (Capernaum)**, центар на дејноста на Исус Христос. Тука се наоѓаат остатоците од античката синагога и урнатините на куќата на Св. Апостол Петар. Заминување кон **Табха**, местото на "Чудото со умножувањето на рибите и лебот" и можност да го погледнете мозаикот од византиската базилика од 5 век. Возење до граничниот премин **Шеик Хусеин (Sheikh Hussein Border)** – преминување на границата од Израел во Јордан. Следи посета на Џераш (Jerash) и панорамска градска тура на Аман, возење кон хотелот во **Аман** и сместување во хотелот **Arena Space Hotel 4***. Вечера. **Ноќевање.**

**3 ден / 24.03.2018 Аман – Петра**

**Појадок.** После појадокот заминување кон Петра, целодневна екскурзија до **„Изгубениот град" Петра**, познат како "град црвен како роза и стар колку што е стар светот", престолнината на Набатејците – избрана како едно од новите седум светски чуда во 2007 година. По пристигнувањето започнува незаборавното патување со јавање на коњ, па потоа пеш низ кањонот додека стигнеме до Трезорот. Локалниот водич ќе ви ја раскаже кратката историја на градот, најголема туристичка атракција на Блискиот Исток. Набатејците својот главен град го изделкале во карпите на околните планини во Петра. Градот Петра е сместен во вдлабнатата планинска долина Вади Муса (*долината на Мојсеј*). Розевоцрвеникавиот град Петра бил најпросперитетен важен премин на некогашните трговски патишта. Петра е обиколен од високи планини и до него се стигнува преку тесни патеки. Неговите впечатливи згради, кои се издлабени во карпи, се зачувани недопрени. Ќе имате можност да ги разгледате Каснех ал-Фарун Трезорот (Al-Khazneh, The Treasury), многубројните скалести гробници, Pharaoh's Castle, Амфитеатарот, Триумфалната капија, карденот со колонадите, манастирот. После тоа враќање назад во хотелот **La Maison Hotel Petra 3*** во **Петра.** Вечера. **Ноќевање.**

**4 ден / 25.03.2018 Аман – Мостот Аленби – Витлеем**

**Појадок.** По појадокот заминување кон **Мадаба** и **планината Небо** највисока во опсегот Моабит, кој бил за центар за аџилак од најраните христијански времиња. Мадаба, библискиот град познат по најдобрите византиски мозаици во светот, вклучувајќи го и познатиот мозаик Картата на Мадаба од 6-от век, мозаик од два милиони обоени камчиња на кој е прикажана мапа на „Светата Земја", кој се наоѓа во црквата Св. Ѓорѓија. Потоа следи возење кон **граничниот премин Аленби** и преминување на границата од Јордан кон Израел. Заминување кон **Каср ал Јахуд (Qasr al-Yahud)** – местото на крштевање на бреговите на реката Јордан, местото каде што според традицијата, Исус бил крстен од Јован Крстител. Возење покрај бреговите на Мртвото Море, место со најниската надморска височина во светот. Продолжување на патувањето до **Мртвото Море**; уживајте во уникатната можност да пливате во Мртвото Море и да ја пробате калта богата со минерали за која многумина веруваат дека има терапевтски ефекти. Заминување кон **Витлеем**. Сместување во хотел Paradise Hotel Bethlehem во **Витлеем**. Вечера. **Ноќевање.**

**5 ден / 26.03.2018 Ерусалим – Стариот град**

**Појадок.** Заминување кон **Малсиновата планина (Маслинова Гора**) од каде се пружа панорамски поглед на градот. Продолжуваме кон брдото Сион (градот на Давид), да го посетиме гробот на кралот Давид, собата на Тајната Вечера и Црквата Успение на Пресвета Богородица (Abbey of the Dormition). Пешачки разглед на **Стариот град на Ерусалим**: ќе поминете низ ерменските и еврејските населби до неодамна ископаниот и обновен Кардо, Римскиот пат. Посета на **Ѕидот на плачот** или **Западниот ѕид (The Kotel)**, единствената структура која е останата од Ерусалимскиот Храм на Соломон, и продолжуваме кон Христијанската населба. Продолжуваме кон **Виа Долороса – Патот на болката** (Патот на солзите) (лат. Via Dolorosa), улицата по која во древниот Ерусалим Исус Христос минувал со крстот до местото на распнувањето – ридот Голгота или Калварија, па посета на **Базиликата на Светиот Гроб (The Church of the Holy Sepulchre**), наречена и Црква на Воскресението - најсветото место за Христијанскиот свет, каде Исус е распнат, погребан и од каде воскреснал. Враќање во хотелот во **Витлеем**. Вечера. **Ноќевање.**

**6 ден / 27.03.2018 Ерисалим Новиот град – Витлеем**

**Појадок.** По појадокот Заминување со автобус и возење кон **Еин Керем (Ein Karem)**, родното место на Св. Јован Крстител, да ја посетиме Црквата на Посета на Дева Марија (Church of Visitation). Продолжуваме кон **Јад Вашем (Yad Vashem)**, меморијален центар на евреите кои биле погубени во Холокаустот. Следи кратка посета на **Израелскиот музеј (Israel Museum)**, кој се смета за еден од водечките уметнички и археолошки музеи во светот, познат по големата збирка експонати на библиската археологија. Едно од последните дополнувања на музејот е моделот на Ерусалим од времето на Вториот храм, пред 66 година. Продолжуваме кон **Витлеем,** родното место на Исус Христос и посета на **базиликата ,,Рождеството Христово'' (Church of Nativity)**, која е изградена во чест на тој настан и е најголема знаменитост на градот. Враќање во хотелот во **Витлеем**. Вечера. **Ноќевање.**

**7 ден / 28.03.2018 Тел Авив – Скопје**

**Појадок.** Одјавување од хотелот. Трансфер кон аеродромот "Бен Гурион" во Тел Авив. Полетување од Тел Авив за Истанбул во 14:15 часот. Слетување на аеродромот во Истанбул во 16:35 часот локално време. Полетување од Истанбул за Скопје во 19:30 часот и слетување на аеродромот во Скопје во 20:00 часот

| Датум на патување | Возрасен во двокреветна соба | Трет возрасен во двокреветна соба | Дете 2-10.99 год. со двајца возрасни во двокреветна соба | Еднокреветна соба |
|---|---|---|---|---|
| 22.03.201 – 28.03.2018 | **787 €** | **на барање** | **на барање** | **на барање** |

**Датуми на патување и цени , Хотели во програмата:**

| Датум | Локација | Хотел | Број на ноќевања |
|---|---|---|---|
| **23.03. – 24.03.2018** | **Аман** | **Arena Space Hotel Amman 4*** http://www.arenaspacehotel.com/ или сличен | 1 |
| **24.03. – 25.03.2018** | **Петра** | **La Maison Hotel Petra 3*** http://www.lamaisonhotel.com.jo/ или сличен | 1 |
| **25.03. – 28.03.2018** | **Витлеем** | **Paradise Hotel 3*** http://www.paradisebethlehem.com/ или сличен | 3 |

**Цената на аранжманот вклучува:**

- Авионски билет Скопје - Тел Авив - Скопје со вклучен багаж;
- 1 ноќевање со вечера и појадок  во Аман, хотел 4 *;
- 1 ноќевање со појадок и вечера во Петра, хотел 3 *;
- 3 ноќевања со појадок и вечера во Витлеем, хотел 3 *;
- Претставник од агенција;
- Луксузен автобус со бесплатен WI-FI во Израел;
- Сите трансфери за време на патувањето, според програмата;
- Сите екскурзии во програмата;
- Влезни билети за објекти во програмата;
- Сертификат за аџилак;
- Водич кој ја придружува групата за време на целиот престој;